

# СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТ

Датум: 27.06.2017

**Првата група на млади Роми ја започнаа праксата во рамки на граѓанските организации**

Центарот за Економски Анализи – ЦЕА заедно со ЦККО Светла Иднина, ЗРРЗ Сумнал и АДРР Сонце, го спроведуваат проектот “Вработување на млади Роми” финансиран од Европската Унија, преку ИПА програмата за Развој на човечки ресурси.

Една од идентификуваните пречки за вклучување на пазарот на труд кај младите Роми е и недостатокот на практично искуство па, оттаму предвидена е поддршка на лица за стекнување на практично искуство во рамки на организациите кои го спроведуваат проектот во Тетово, Кочани, Битола и Скопје.

По објавениот повик избрана е и првата група на осум практиканти кои од 15.06.2017 го започнаа двомесечното практично учење. Можноста за пракса е и понатаму отворена се до завршување на проектот.

Локалните организации преку својот делокруг и вештини на практикантите им дава насоки за унапредување на нивните вештини преку практична работа со главна цел унапредување на нивните вештини и подобрување на пристапот на пазарот на трудот.

Младите невработени Роми кои ги исполнуваат критериумите имаат можност и за практично учење во локалниот бизнис сектор преку поврзување на младите и потребите на компаниите.










Имплементацијата на проектот започна во декември 2016 година и е предвидено да трае 12 месеци. Буџетот предвиден за имплементација на проектот е 158.297 евра.

Повеќе информации за проектните активности може да добиете на телефон 02/2444766, на e-mail: info@cea.org.mk, romayouth2016@gmail.com или посетете ја веб страницата www.cea.org.mk .

Овој проект е финансиран од Европската Унија

Проектот “Вработување на млади Роми” е имплементиран од ЦЕА, Сумнал, Сонце и Светла Иднина.